**Анета ЈОВКОВСКА**
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“, Скопје

# ВОСПИТНОТО ЗНАЧЕЊЕ НА СВЕТИКЛИМЕНТОВИТЕ СЛОВА И ПОУКИ

Осврнувајќи се на делата на големиот словенски учител – свети Климент Охридски, во нив нема да пронајдеме строго дефинирање на определени педагошки проблеми. Размислувањата, објаснувањата и упатствата за воспитанието во Светиклиментовите слова и поуки се состојат од одделни побарувања и појаснувања за суштината на воспитанието – еднакво неопходни за исполнување од страна на секој христијанин. Соединувањето со Бога е главна задача на христијанското воспитание и главна цел во Светиклиментовите проповеди.

Свети Климент се стремел да ја препороди човечката мисла преку искуството на верата. Денес, неговите поученија претставуваат извор на инспирација и пример за христијански подвиг и воспитание; училиште на христијанската мисла и мудрост.

Клучни зборови: христијанско воспитание, цел и средства на христијанското воспитание, христијански подвиг, грижа, добродетели, спасение, соединување со Бога.

## The Value of Edification in St. Clement’s Homilies and Instructive Writings

### Abstract

The writings of the great Slavic master, Saint Clement of Ohrid, evidently do not address strictly defined pedagogical problems. His contemplations, explanations, and instructions on edification are aimed at clarification of the process of edification

in the spirit of Orthodox Christianity. St. Clement's sermons remain faithful to the central task of the Christian edification, which is the call to communion with God.

He strived to transform the human reason through the personal experience of faith. His writings exhibit an instructive and affective example of a true Christian edifying mission, an authentic school of Christian thought and wisdom.

**Key words:** Christian edification, aim and means of Christian edification, Christian mission, care, virtues, salvation, communion with God.

**Вовед**

Свети Климент Охридски создал цел циклус слова и поуки, кои го покриваат годишниот црковен календар на празници. Најголем дел од нив имаат морално-катихетска содржина, кои светителот ги создал со цел да им помогне на своите верници успешно да чекорат на патот кон спасението, вградувајќи им во срцето религиозно-морални квалитети. Тие се напишани со едноставен стил, за да бидат достапни за сите верници, па така станале доста популарни текстови и се распространиле низ сите словенски земји.

Преку Светиклиментовите слова и поуки учениците и верниците ја спознавале вистината како личност и како живот, како полнота на човечкото постоење во заедница со Бога, а не како гносеолошка категорија или само морална норма и императив. Затоа, овој голем просветител за словенските народи претставува „глас на Вистината“, „учител на правдата“ и „патеводител на патот кон вечниот живот“. Поуките и словата кои ги напишал се актуелни и денес, и имаат големо воспитно значење.

На словенските христијани свети Климент им проповедал и ги воспитувал вистински да веруваат во спасението и во близината Божја, како и да се приклонат кон спасителен живот. Како средства за христијанското воспитание тој ги посочува следниве: воспитувањето во семејството, воспитувањето од страна на епископите и презвитерите во црквата, и

извршувањето и примањето на Светите тајни, како семоќно манифестирање на Светиот Дух.

* * *

Во поучното творештво на свети Климент Охридски не може да се пронајде строго дефинирање на определени педагошки проблеми. Размислувањата, објаснувањата и упатствата за воспитанието во словата и поуките се состојат од одделни побарувања и појаснувања за суштината на воспитанието, кои се еднакво неопходни за исполнување од страна на секој христијанин.

Како главна задача на христијанското воспитание и главна цел во Светиклиментовите проповеди се поставени спасението и соединувањето на човекот со Бога. Но, за да се постигне тоа, свети Климент најпрво ја поставил воспитната цел: утврдување на верниците во здравото учење на верата. Свети Климент се стремел да ја препороди човечката мисла преку искуството на верата. Тој и со својот живот и со своето богоугодно дело, со подвизите, службата и добродетелите, посведочил и покажал како вистините на верата го оживотворуваат и преобразуваат човековиот дух. Своите слова и поуки ги творел за да можат истовремено да поучуваат, да убедуваат и морално да образуваат. Неговиот живот бил вистинско исполнување на она што го зборувал и проповедал. Во тоа се состоела тајната на неговиот успех и силното влијание што го извршил кај верниците.

За неговиот живот е посведочено: „Ние никогаш не го видовме да безделничи, ами тој или ги учеше децата, и тоа на разни начини – на едни им ги покажуваше формите на буквите, на други им ја објаснуваше смислата на напишаното, а на трети им ги насочуваше рацете за да пишуваат, и не само дење, туку и ноќе, или се оддаваше на молитва, или се занимаваше со читање, или, пак, пишуваше книги, а понекогаш истовремено работеше две работи: пишуваше и на децата им предаваше некакво знаење, бидејќи знаеше дека безделието е учител на секое зло“.[1]

[1] Милев Александар, *Грцките житија на Климент Охридски*, Издателство на Българската академия на науките София, 1966, стр. 127.

Грижата за народот му била храна и задоволство. На народот му го укрепувал разумот и основата на неговата вера ја поставил врз каменот на вистинското христијанско богопочитување.[2] Тој секогаш се однесувал со кротост и со татковска љубов кон своите верници, нарекувајќи ги: браќа, возљубени чеда, Христољупци, празникољупци, верни...[3] А, пак, верниците му возвраќале со полно послушание и го почитувале како татко, така е и забележано во неговото житие.[4]

Светиклиментовото поучително творештво покажува тематско разнообразие: како поуки за даден празник или светител, потоа слова за христијанските таинства и поученија за душеполезно читање. Од нив верникот може да се поучи за правилното празнување на христијанските празници, за достојното однесување во храмот Божји, за добродетелите, постот, молитвата, милостината, смирението, исповедта и причеста, за праведноста и љубовта кон ближните и спасението.

*Духовно и морално самоусовршување*: Свети Климент поставил високи цели за човечко, духовно и морално самореализирање. На верниците постојано им посочувал дека треба да се усовршуваат преку искрена љубов кон Бога и кон сите луѓе: „Браќа,... ве молам, додека имаме време во овој живот, да побрзаме нашето ветување кон Бога да го исполниме, љубејќи Го Него (Бога) со сето срце, и ближниот како самите себе, со братољубие просветлувајќи се, и цветајќи со гостопримство“.[5] Во друга поука, пак, е запишано: „Правејќи од себе Црква Божја на Светиот Дух, без да држиме злоба еден кон друг, цветајќи со благоверие, светлејќи со љубов кон бедните, украсувајќи се со братољубие, да бидеме духовно

---

[2] Според Милев, стр. 131.

[3] Свети Климент Охридски, *Собрани дела: Слова, поуки, житија,* Превод од старомакедонски: протопрезвитер д-р Јован Таковски, Свет архиерејски синод на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, Скопје, 2012.

[4] Според Грроздановски Ратомир, протоѓакон, *Библијата во делата на свети Климент Охридски*, Свет Архиерејски Синод, Скопје, 2001, стр. 103.

[5] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Второ општо слово за светите, стр. 16; види и: Недела десетта по неделата на сите светии, стр. 26.

распламтени, служејќи Му на Бога, пристапувајќи кон Него со страв и со чистота... И животот да ни биде достоен; по светост, а не само по име да се нарекуваме христијани!“[6]

*За љубовта*: Проповедта на свети Климент е живо сведоштво на Божјата љубов кон светот, а истовремено таа е и повик кон луѓето за љубов кон Бога и кон ближните. Христијаните ги поучувал на оваа најголема добродетел: „Сѐ со љубов правете: сиромасите и бедните навреме хранете ги, на онеправдените помош давајте им.“[7]

Свети Климент Охридски во своите слова и поуки говорел и за *меѓусебната љубов и почит*: „Меѓу себе да се почитуваме со смирение, нелицемерно и со вистинска љубов“[8]; Тој поучувал: „Не со јазикот да љубите, а во срцето злоба да држите, туку и со срцето и со јазикот еден друг поголеми да се правите, за да бидете синови на Светлината“[9]; „Еден со друг да се натпреваруваме со добрина“.[10] Според него, секој човек природно е да има љубов кон другите луѓе: „Имајќи мир меѓу себе и нелицемерна љубов, да ги сакаме бедните и да ги примаме странците, и да бидеме чувари на Божјите зборови, а не само слушатели“.[11] За да бидат нашите приноси примени пред Бога, просветителот советувал меѓу себе да се почитуваме со смирение, нелицемерно и со вистинска љубов.[12] Со добри дела да се украсуваме, со вистинска љубов да

---

[6] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за недела, стр. 29.

[7] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за апостол, маченик или светител (втора верзија), стр. 4, види и: Слово за спомен на свети Димитриј, стр. 54.

[8] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за апостол, маченик или светител, стр.1.

[9] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поучно слово за раѓањето на Господ наш Исус Христос, стр. 84.

[10] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за недела, стр. 29.

[11] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука на Сретение Господово, стр. 108.

[12] Според Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за апостол, маченик или светител, стр. 1.

се сакаме и со љубов да се правиме еден од друг поголем; и само на тој начин искрено ќе Го сакаме и славиме Бога.[13]

*Почитување на свештенослужителите*: Кога станува збор за почитувањето на другите, свети Климент посебно ја нагласувал почитта кон свештениците, велејќи: „Да бидеме братољупци и богољупци, почитувајќи ги Божјите служители, зашто преку нивни раце ја примивме Божјата благодат и Крштението".[14] Верниците особено треба да изразат почит кон свештениците, бидејќи од нив го примаат светото тело Христово, преку нивните молитви се избавуваат од гревовите, зашто тие Му се молат на Бога за христијаните и за целиот свет; преку нивните молитви Светиот Дух слегува од Бога врз принесената света просфора и ја претвора во тело Божјо, а виното – во света крв Христова, за прошка на гревовите на луѓето што ги јадат и пијат. „Таквите треба да ги почитуваме, велел свети Климент, зашто тие се определени на земјата да бидат застапници и молитвеници, наместо ангелите, и да бдеат за нашите души; бидејќи тие бдеат за нашите души пред Исуса Христа, нашиот Господ."[15]

Од друга страна, *свети Климент ги поучува и епископите и свештениците* да го пазат внимателно „стадото" што им е доверено, поучувајќи го со благост и водејќи го со љубов; да не престануваат да ги поучуваат луѓето што им се поверени за да не се појават еретички учења поради мрзеливоста и грубоста на пастирите и да не се зголемат гревовите и неправдите поради незнаењето и неопитноста на епископите и свештениците. Според свети Климент Охридски, „епископот или свештеникот треба да избегнува секакво зло, како што заповедал апостол Павле, а уште повеќе – Христос. Епископот треба да биде непорочен, да не биде горделив, ниту гневлив, ниту пијаница, ниту зол, ниту лаком за гнасна печалба, туку да биде гостољубив, справедлив, свет, да се држи според вистинското слово, онака како што е научен, та да биде силен

[13] Според Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука пред причестување, стр. 381.

[14] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за Успение на Пресвета Богородица, стр. 350.

[15] Истото, стр. 350.

утешител во здравото учење, и да ги изобличува оние што се противат, покажувајќи се во сè како пример за добри дела“.[16]

*Запазување на Божјите заповеди*: Од голема важност за христијаните е во животот да се предводат од Божјите заповеди и истите да ги исполнат. Свети Климент советувал: „Да живееме во чистота и правда, извршувајќи ги заповедите на Господа“.[17] Ништо тешко нема во Божјите заповеди, вели просветителот, а треба: „како што сакате да ви прават луѓето вам, така и вие правете им ним“.[18] „Како што никому од нас не му е пријатна неправдата, што и да се случи, ниту кражбата, тогаш не правете им го тоа и на другите. Господ вели: 'Со каква мера мерите, со таква ќе ви се мери'[19], односно секому според неговите дела.“[20]

*Откажување од делата на сатаната*: На патот кон сопственото самоусовршување, човекот е должен да се откаже од делата на сатаната, вели свети Климент. А делата на сатаната се овие: „идоложртвување, држење гнев, завист, јарост, разбојништва, пијанство, прејадување, угодување на телото, навреди, бесовски песни, хулења, срамно говорење, чедоморство, блуд, прељуба, горделивост, лага, прекршување клетва и колнење во Божјото име“.[21] На друго место ги додава и следниве: „поклонување на идоли, верувањето во среќа и во полаза, верување во гракањето на птиците, лекување болести со баење и со вериги, братоомраза, клеветење, разбојништва, кражби, грабежи, горделивост, пијанство, омраза, скржавост, немилосрдност, среброљубие...“[22] Со овие ѓаволски дела са-

[16] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука до епископите и свештениците, стр. 434.

[17] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Второ општо слово за светите, стр. 15.

[18] Според Матеј 7, 12; Лука 6, 31.

[19] Матеј 7, 2; Марко 4, 24.

[20] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:*Слово за Света Троица, за создавањето на светот и за судот, стр. 170.

[21] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:*Поука за спомен на апостол или маченик, стр. 13; види и Поука за свети евангелист Марко, стр. 22; Недела десетта по неделата на сите светии стр. 25.

[22] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Второ општо слово за светите, стр. 16; исто во Поука за свети Антониј стр. 19.

ите ние го навлекуваме гневот Божји, ако, пак, се откажеме од делата сатански, Бог ќе нè помилува, поучувал просветителот.

*Стекнување добродетели*: Наместо овие нечисти дела, човекот треба да се труди да ги стекне спротивните на нив добродетели. „Целото свое тело да Му го предадеме на Бога, откако ќе го одземеме од ѓаволот“[23], велел свети Климент, давајќи ги следниве совети за стекнување на добродетелите: „Да пројавиме ревност кон добродетелта: да стекнеме братољубие, љубов кон бедните, гостопримство, пост, кроткост, воздржување“.[24] „Да ги возљубиме мирот, кроткоста, трезвеноста, љубовта кон сиромасите, постот, чистотата.“[25] Христијаните ги советувал да се „препашаат“ со добрина, со љубов, со кроткост, со чистота, со трезвеност и со милостина, зашто тие покриваат мноштво гревови[26] и да побрзаат да ги „запалат светилници“ со добри дела: со милостина, со вера и со љубов, зашто преку нив се просветлуваат и душата и телото, а верата без дела е мртва;[27] просветителот особено нагласувал верниците да не се навраќаат на поранешните гревови и да се насочат кон покајание. Христијаните ги учел со љубов и милостина да се натпреваруваат еден со друг, со чистота умот да го просветлат и да го насочат кон Бога.

Читајќи ги Светиклиментовите слова и поуки, може да се забележи дека просветителот посебно ја нагласувал важноста на следниве добродетели: нелицемерната љубов, човечката справедливост, милостината и гостопримството.

*Милостина*: Светителот дал јасна и конкретна порака до верниците за милосрдието и давањето милостина, велејќи:

---

[23] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за спасение на душата, стр. 383.

[24] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвално слово за пророк Захариј и за зачнувањето на свети Јован Крстител, напишано од епископ Климент, стр. 38.

[25] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за воздвижение на чесниот крст, 48.

[26] Според Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за раѓањето на Пресвета Владичица наша Богородица, стр. 45.

[27] Според Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на раѓањето на Пресвета Богородица, стр. 41.

„Возљубени чеда, и од своите плати да им даваме на бедните, да не го презираме сиромавиот кој умира од студ и кој е притиснат од голема немаштија“.[28] Сметал дека кон верата е потребно да се придодаде и милостината со љубов, зашто таа возведува на небото и го дарува Царството. Бидејќи оној кој милува сиромав, Му дава заем на Бога. Затоа свети Климент ги замолува верниците да не одминат без помош ниту гладен, ниту необлечен, ниту туѓинец, туку да ги примат во својот дом со љубов, бидејќи ако живееме праведно и бидеме милостиви и нас Бог ќе нѐ помилува.[29]

*Правда*: Светителот барал од верниците жива пројава на чувството за правда и вистина. Според него, христијанската правда е Божја правда која на злото не му враќа со зло, туку со добро. „Како што никому од нас не му е пријатна неправдата, што и да се случи, ниту кражбата, тогаш не правете им го тоа и на другите“, велел свети Климент.[30] И уште советувал: „Да Му принесеме на Бога вера, правда и чисто живеење“.[31]

*Гостопримство*: За гостопримството, пак, вака поучувал: „Браќа, примајте странец и направете го учесник на вашата трпеза, та и вие да го слушнете гласот, кој говори: ’Бидејќи ова го направивте на еден од овие Мои најмали браќа, Мене Ми го направивте, и Јас ќе ви дадам живот вечен‘“.[32]

Добродетелите кои свети Климент ги посочувал лесно вознесуваат на небото и оние што ги извршуваат, ги прават

---

[28] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвално слово за пророк Захариј и за зачнувањето на свети Јован Крстител, напишано од епископ Климент, стр. 38.

[29] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на раѓањето на Пресвета Богородица, стр. 41; Слово за спомен на свети Димитриј, стр. 55.

[30] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за Света Троица, за создавањето на светот и за судот, стр. 171.

[31] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поучно слово за раѓањето на Господ наш Исус Христос, стр. 84.

[32] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за гостопримството, стр. 362; Јован 10, 28.

сожители на ангелите. Затоа, треба да ги стекне секој верник, бидејќи тие сенајголемо духовното богатство.[33]

Свети Климент Охридски поучувал и *за важноста на молитвата во светиот храм*, велејќи: „Собирајте се во храмот дење и ноќе, бидејќи тој е дом Божји, тој е прибежиште за христијаните, и молитвата во него Му е пријатна на Бога и служи за очистување на душата и телото. Секој што влегува во тој храм со вера, ќе се спаси“.[34] Тоа што ќе го слушнеме во Божјиот храм, свети Климент нè советува да го запишеме духовно во нашите срца.[35] Тој им дава *упатства верниците како да се однесуваат во Божјиот храм*. Советувал во светиот храм да се оди со чисто срце, таму без гнев и без злоба да Му се молиме (на Бога), барајќи најнапред очистување од сите гревови.[36] Во храмот да стоиме со страв, не воздржувајќи се само од разговори, туку и лошите мисли од нашите срца да ги прогонуваме, внимавајќи на читањето и пеењето. И со чисти усни, непрестајно да Ја славиме Пресвета Троица.[37]

Според свети Климент Охридски, *многу е важно правилно да ги празнуваме празниците*, земајќи го животот на светителите за пример. Тој вели: „Да празнуваме со божествено пофални песни, откако ќе се украсиме со чистота, наситувајќи се со духовна храна“[38]; на друго место, пак, запишал: „Уподобувајте се на животот на светите со чистота и милос-

---

[33] Според Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвално слово за свети Јован Крстител, денот по Богојавление, напишано од Климент, епископ Велички, стр. 102.

[34] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука на Сретение Господово, стр. 108.

[35] Според Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за споменот на светите апостоли (Петар и Павле), стр. 176.

[36] Според Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за апостол, маченик или светител, стр. 1.

[37] Истото, стр. 2; види и: Поука за третата недела од постот, стр. 419.

[38] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на Преображение, стр. 184.

тина“.[39] Светителот дал и конкретни упатства за празнувањето. Според него, ова е правилниот начин како да ги празнуваме празниците: пред сè, треба да се уподобуваме на чистота и добар живот на светителите, како и на нивното угодување на Бога. А угодувањето на Бога и примањето на нашите молитви се постигнува кога празниците ги славиме нелицемерно, кога не се предаваме на угодување на стомакот, што личи повеќе на пофалба на трпезата, туку да ги следиме нивните свети дела, просветлувајќи си ги душите со чистота и срцата свои правејќи ги постојаносвети... „Бог сака вакви празници, велел свети Климент, кога примаме туѓинци, кога храниме гладни, кога облекуваме голи, кога посетуваме затвореници со милостина, кога даваме некаква помош на онеправдани, кога помагаме на болни и на сиромаси, кога меѓу себе се почитуваме со смирение, нелицемерно и со вистинска љубов. Тогаш и нашите приноси ќе бидат примени.“[40]

*Да се потрудиме за нашето спасение*: Просветителот бара голем духовен подвиг од верниците со кој ќе го заслужат спасението;[41] а подвигот се состои од следново: да ги очистиме душата и телото со пост и молитва, и да отфрлиме секаква злоба, бидејќи од нас зависи дали со злоба, со мрзеливост и сластољубие ќе заслужиме мака, или со чистота, воздржување и милостина ќе примиме вечен живот.[42] Да не се лажеме и да мислиме дека сме бесмртни, ниту во мрзливост да ги минуваме своите денови; животот е краток, вели просветителот и додава: додека е душата во нашите тела и владееме со својот ум, да просолзиме за своите гревови, да даваме милостина, со постење да ги просветлиме своите срца и да не Го гневиме Бога со лошо живеење, туку Неговиот гнев, преку покајание, да го претвориме во кроткост. Секој ден и час да

---

[39] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за апостол, маченик или светител (втора верзија), стр. 9.

[40] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за апостол, маченик или светител, стр. 1.

[41] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за недела, стр. 27.

[42] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвала на свети Климент, патријарх Римски, напишана од епископ Климент, стр. 74.

ја бараме Божјата милост, додека не зајде сонцето, односно додека не зајде душата.[43]

*Покајание*: Беседникот ги повикувал верниците на покајание и смирение: покајанието е светилник на душата, велел свети Климент, него Бог ни го дал за лекување на душевните болести.[44] Тој, во своите проповеди, укажувал дека паѓањето во грев се мие со солзите на покајанието. Често покајанието го поврзувал со солзите и говорел: „Со солзи измивајќи ги своите гревови, со пост очистувајќи ги душата и телото, со пост и молитва запалувајќи ги свеќите на душата, како што рекол Господ: 'Нека ви биде крстот препашан и светилниците запалени',[45] односно добрите дела".[46] Тоа е вистинското покајание, кога ќе замразиме секаква неправда и ќе ја направиме одвратна за нас, а не да се враќаме на поранешните гревови, поучувал светителот.[47] Укажувал дека покајанието е пат кон вечниот живот и затоа чести се неговите повици кон покајание. Често проповедал дека покајанието го доведува човекот во царството Божјо. Тоа е клучот за Царството и без него никој не може да влезе таму. Покајанието го нарекувал и „пат кој воведува во рајот". За тој пат советувал да се држимеи на него да ги прицврстиме нашите нозе и стапки.[48] И уште советувал: „Не бидете мрзливи, туку очистувајте се, зашто Бог не се радува на ништо друго така, како на човечкото поправање и спасение".[49]

*Смирение и пост*: Не постои покајание без вистинско смирение. Затоа свети Климент ги поучувал христијаните и на смирение, велејќи им: „Ние да се смириме, за да се про-

---

[43] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука, стр. 386.

[44] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за Света Троица, за создавањето на светот и за судот, стр. 167.

[45] Според Лука 12, 35.

[46] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:*Слово за Света Троица, за создавањето на светот и за судот, стр. 168.

[47] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Пофалба на свети Николај чудотворец, стр. 223.

[48] Истото, стр. 224.

[49] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за Богојавление, стр. 279.

славиме, зашто оној што нема да се смири, не може да се прослави“.[50] Смирението е неопходно за верниците за време на постот. За оние што постат без смирение, светителот рекол дека градат куќа без кров. Секако, за време на постот, нашата дарежливост кон сиромасите треба да биде особено нагласена. Бидејќи, да се пости, а да не се дава милостина, малку е полезно.[51]

Свети Климент Охридски често им проповедал на верниците за очистувањето на душата и телото преку постот и молитвата, кои се добри помошници против ѓаволот и подготовка за поклонување пред Христовите страдања. За немоќните и слабите и за нивниот однос кон постот, свети Климент ги потсетувал христијаните на евангелската парабола за работниците во лозјето, кои дошле во единаесеттиот час и примиле еднаква награда заедно со работниците од првиот час (според Матеј 20, 1-14).

Постот е добар советник на човекот, велел просветителот.[52] Неговата намена е да можеме набожно и со чистота да се собереме во црква, откако ќе го уништиме гневот и ќе ги очистиме телесните страсти, и ќе ги отфрлиме сите недолични дела, за да бидеме достојни со чисти усни и непорочно срце да се причестиме со телото Божјо.[53] Кога постиме, светителот напомнува дека не треба да се воздржуваме само од храна, туку и од клевети, од завист, од гнев, од јарост, од блуд, од горделивост, од злопамтење и од секакво зло.[54] Бидејќи, добриот пост не е само откажување од храната: вистинскиот пост е отфрлање на лошите дела и раскинување на секаква неправедна врска.

---

[50] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за петтата недела од светиот пост, стр. 430.

[51] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за втората недела од постот (втора редакција), стр. 414.

[52] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за четвртата недела од великиот пост (првична верзија), стр. 421.

[53] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на рождество Христово, стр. 78.

[54] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за недела сиропусна (првична редакција), стр. 403.

*Молитва*: Проповедајќи за неразделноста на постот од молитвата, светителот рекол: „Постот ја вознесува молитвата на небото, служејќи ѝ како крилја при небесното патување. Преку постот и молитвата човекот се спасува од секакво зло.[55] Кога се молиме, свети Климент советува да не бидеме мрзеливи, туку да Му се молиме на Бога во сите денови за своите гревови што сме ги направиле.[56] Молитвата е големо приближување кон Бога, советувал беседникот. Преку неа се постигнува секоја добродетел. Ако е од топло срце, таа се издигнува кон Бога како благопријатен мирис, но ако не ѝ дадеме крилја на молитвата, таа нема да се издигне до Бога. А, крилјата се постот и милостината.[57]

*Силата на Крстот*: На христијаните, кога се наоѓале во искушение, свети Климент секогаш им укажувал на силата на Крстот, велејќи им: „Да пристапиме кон животворниот Крст, да се поклониме и да го целиваме со чисти усни, бидејќи тој ги очистува нашите гревови, и преку него се лекуваат нашите болести".[58] „Тој Крст е нашата победа. Тој е нашето оружје против непријателите! Со него осенувајќи се, нема да се плашиме од видливиот и од невидливиот непријател, бидејќи тој со вера ги храни нашите срца."[59] Осенувајќи ги со него целото наше тело и нашата храна, злото нема да ни се приближи, зашто тој ги прогонува нашите неволји и го спасува целиот свет, поучувал светителот.[60]

*Исповед*: Свети Климент укажувал дека исповедта е многу важна на патот кон спасението и предупредува дека не треба да ги криеме своите гревови, срамејќи се да ги кажеме пред свештеникот, бидејќи Бог знае сѐ и сѐ гледа. Од него

[55] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за четвртата недела од великиот пост (првична верзија), стр. 421.

[56] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на крштението Христово – Богојавление, стр. 86.

[57] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за четвртата недела од великиот пост (првична верзија), стр. 420.

[58] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на воздвижение на чесниот крст, стр. 46.

[59] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за воздвижение на чесниот крст, стр. 47.

[60] Истото, стр. 48.

треба да се засрамиме и да го почитуваме Законот.[61] „Никој нема да се излекува, ако ја крие својата болка од лекарот и не му ја покажува. Но, ако болниот ревносно побара лекар, најпосле ќе добие олеснување од својата болка“, велел свети Климент.[62] И на друго место поучувал: „Браќа, кога еднаш ќе паднеме во грев, не треба да останеме во него до смртта и да додаваме и други гревови, туку што поскоро да се ослободиме од него, очистени да просолзиме, исповедајќи се“.[63] Потоа ги запрашува христијаните: „А како ќе се подвизуваме ако не ги исповедаме гревовите достојно?“[64] „Кога сме на исповед, пак, со вера да побараме прошка за гревовите.“[65]

*Причесш*: Откако ќе се очистиме од секакво зло и имајќи мир меѓу себе, подготвенитреба да пристапиме кон Светото тело со страв и трепет, но и потоа да останеме чисти, пазејќи ја Светињата во своите срца и имајќи мир меѓу себе и нелицемерна љубов – така поучувал свети Климент за Светата тајна причест.[66] Тој говорел: „Да пристапиме со страв и трепет, откако ќе се очистиме од секаква похота телесна и духовна, и со чисти усти да Го примиме телото Божјо, за здравје на телото и за спасение на душата“.[67] Зборувајќи за важноста на причеста во христијанскиот живот, светителот напомнувал дека оние кои нема да се причестат, ќе почувствуваат „глад“ во душата. Затоа треба со чиста совест да пристапиме кон оваа најголема Света тајна и да ѝ дадеме на душата духовна

---

[61] Според Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за Света Троица, за создавањето на светот и за судот, стр. 174.

[62] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука пред исповед, стр. 368.

[63] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на крштението Христово – Богојавление, стр. 87.

[64] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука пред причестување, стр. 381.

[65] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за апостол, маченик или светител (втора верзија), стр. 4.

[66] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука на Сретение Господово, стр. 108; види и Поука на Света Пасха – Велигден, стр. 156 и 157.

[67] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука пред причестување, стр. 381.

храна. Да не се грижиме само да го нахраниме телото, туку и душата да не ја оставаме гладнаи лишена од дарот Божји, поучувал проповедникот.[68] И уште ги советувал верниците кон причеста да пристапат вака: просветлени со чистота и со трезвеност, натпреварувајќи се еден со друг со љубов и со вера, бидејќи овие работи не ги прави човек, туку Самиот Бог со Својата невидлива рака и со оваа страшна тајна нè прави заедничари со Себе, се вселува во нас, правејќи нè учесници во Своето царство.[69] Оној, пак, што не се очистува и другите не ги почитува, тој недостојно пристапува и го прима телото Божјо, што не смее ни да го погледне, како што некогаш направил Јуда, предупредувал свети Климент и велел: „Таквите ќе паднат во неизлечливи болести и ќе бидат во вечна мака".[70]

*Божја милост*: Свети Климент Охридски ги повикувал христијаните секогаш да се надеваат на Божјата милост. Тој ги поучувал верниците да ја бараат Божјата милост вака: „На Твојата милост ѝ ги предавам моето срце, и мојата мисла, и мојата љубов, и мојот живот, и моите гревови. Биди снисходлив кон моите зборови и кон моите дела! Господи, покажи ја твојата милост кон мене – Твојот грешен слуга, и избави ме Господи, од секое зло, сега и секогаш и во век и веков;[71] откако ќе го отфрлиме бремето на очајание и лошите дела, секогаш треба да сеобратиме кон Божјото милосрдие.[72] Да ги смириме своите срца и со умиление да припаднеме кон Божјото милосрдие, зашто Господ е добар и долготрпелив.[73]

---

[68] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за втората недела од постот (втора редакција), стр. 416.

[69] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за Светата Причесна (Скалигеров препис), стр. 376.

[70] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за пречистите тајни за оние што сакаат да се причестат со светото тело и крв (кратка редакција), стр. 379.

[71] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука пред исповед, стр. 372.

[72] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвално слово за свети Јован Крстител, денот по Богојавление, напишано од Климент, епископ Велички, стр. 103.

[73] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за Цветници, стр. 153.

*Царство небесно*: На крајот, просветителот бара од нас христијаните да Му бидеме соработници на Бога, а такви ќе бидеме доколку Го љубиме Бога со сето свое срце и ближниот како себеси.[74] Само на тој начин ќе можеме да го заслужиме Царството небесно.

*Заклучок*: Светиклиментовите поученија одиграле значајна улога во духовен развој на македонските Словени. Со нив тој им ги разјаснилна верниците основни принципи на христијанското учење и на христијанскиот морал. На тој начин, овој народ се здобивал со христијанска мудрост, со високо чувство за моралното, за љубовта кон вистината и правдата, за човекољубието и богољубието, и за нивното постигнување преку личен подвиг.

Свети Климент Охридски ја оставил пораката до верниците да бидат постојано во доброто и во исполнувањето на Божјите заповеди. „Слушајќи ги сите овие нешта, запишете ги во вашите срца, за да се поучувате од нив постојано“, порачал свети Климент.[75]

Блажен е оној човек кој ги слуша овие зборови и ги извршува, бидејќи тие се неисцрпно богатство и непресушен извор за жедните, и храна за гладните кои ја хранат душата.

**Литература:**


Милев Александар, *Грцъките жития на Климент Охридски,* Издателство на Българската академия на науките, София, 1966;

Гроздановски Ратомир, протоѓакон, *Библијата во делата на свети Климент Охридски*, Свет архиерејски синод, Скопје, 2001;

Свети Климент Охридски, *Собрани дела: Слова, поуки, житија*. Превод од старомакедонски: протопрезвитер д-р Јован Таковски, Свет архиерејски синод на Македон-


---

[74] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на Сретение, стр. 105.

[75] Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за апостол, маченик или светител, стр. 2.

ската православвна црква – Охридска архиепископија, Скопје, 2012;
Климент Охридски, *Събрани съчинения*. Том първи. Обработили: Б. Ст. Ангелов, К. М. Куев, Хр. Кодов, Издателство на Българската академия на науките, София, 1970;
Климент Охридски, *Събрани съчинения: Поучения и слова*, Том втори, Обработили: Б Ст. Ангелов, К. М. Куев, Хр. Кодов, Издателство на Българската академия на науките, София, 1977.

Анета Јовковска

**THE VALUE OF EDIFICATION IN ST. CLEMENTS'S HOMILIES AND INSTRUCTIVE WRITINGS**

The writings of the great Slavic master, Saint Clement of Ohrid, evidently do not address strictly defined pedagogical problems. His contemplations, explana–tions, and instructions on edification are aimed at clarification of the process of edification in the spirit of Orthodox Christianity. St. Clements's sermons remain faithful to the central task of the Christian edification, which is the call to communion with God.

He strived to transform the human reason through the personal experience of faith. His writings exhibit an instructive and affective example of a true Christian edifying mission, an authentic school of Christian thought and wisdom.